Center for Economic Analilsys

# Интервентни мерки за поттикнување на извозот и намалување на трговскиот дефицит

Дополнителни коментари по одржаниот управен одбор на Стопанската комора

## Финален документ

Центар за Економски Анализи (ЦЕА)

Декември 2005, Скопје

До: Г-ѓа Славица Богоева,
Стопанска Комора на Република Македонија
Димитрие Чуповски 13
1000 Скопје,
Република Македонија

Дате: 19 декември 2005

Почитувана Г-ѓо Богоева,

Центарот за економски анализи-ЦЕА врз основа на склучениот договор со Стопанската комора на Република Македонија изготви прв драфт на интервентни мерки за поттикнување на извозот и намалување на трговскиот дефицит, кој беше доставен до Стопанската комора на 10 ноември 2005 година.

На 13 декември 2005 година, се одржа управен одбор на Стопанската комора, каде членовите на управниот одбор ги разгледаа предложените интервентни мерки и дадоа предлози за нивно подобрување.

ЦЕА искажува благодарност до управниот одбор на Стопанската комора за корисните сугестии за подобрување на квалитетот на материјалот, па во прилог ги доставуваме нашите финални предлози како дополна на интервентните мерки од првата верзија.

Исто така во табела во прилог ви доставуваме и ажурирана пресметка во делот на:

***а) Враќање на повластена стапка по основ на ДДВ од 5 % за увоз на инпути за земјоделско производство.***

ЦЕА би сакала уште еднаш да укаже на неколку методолошки факти од кои се раководевме во текот на изработката на овој проект.

1. Го користевме функционалниот пристап кон дефинирање на интервентни мерки онака како што се под ингеренција на соодветното министерство при владата на Република Македонија.

2. При тоа се користевме со сознанија од повеќе други проекти на кои работат наши членови во делот на идентификување на потешкотиите со кои се соочуваат бизнисите.

3. За квантитативна анализа се служевме со официјални статистики.

4. Овие предложени мерки не се и не можат да бидат замена за системски пристап кон решавање на проблемот со слабиот извоз на Република Македонија и воопшто нискиот економски раст и може да послужат само за ублажување на последиците од акумулираните проблеми.

5. Мерките може да дадат резултат под претпоставка на ефикасно работење на регулаторот-државата и нејзините органи и институции и при почитување на процедурите од страна на компаниите.

6. Во основа, при предлагање на даночните мерки се раководевме од принципот на зголемување на ликвидноста на бизнисите и подобрување на состојбата со нивните готовински текови, како предуслов за подобрување на финансиското работење чија главна цел би била зголемување на учеството на странскиот пазар т.е. зголемување на извозот.

7. Се раководевме и од принципот на:

- конзистентност со макроекономската стратегија изработена од владата на Република Македонија,
- обврските кон меѓународните организации (ММФ, Светска банка, СТО, Европска Унија) кои Република Македонија ги има превземено и ќе ги превземе во иднина,
- интервентните мерки, кои не се системски, квалитативно и квантитативно ги анализиравме од аспект на можна неутралност кон централниот буџет (во кост бенефит рамка) или кои нема да имаат посериозни последици за централниот буџет на Република Македонија.

Со почит,

Марјан Николов

Претседател на ЦЕА

CEA
Center for Economic Analisys

Прилог:

Дополнителни мерки кон интервентните мерки кои беа предложени во првиот драфт материјал

1. *Поактивно делување на управата за јавни приходи со тоа што ќе се организираат компензации при плаќањето на даноците.*

Одредени даночни обврзници имаат приходи по основ на поврат на ДДВ од УЈП, но во исто време и обврска за плаќање на персонален данок на доход или пак данок на добивка. УЈП располага со упатство за пребивање на даночните обврски на еден даночен обврзник, меѓутоа не постојат сознанија дали тоа е предвидено за даночните обврзници или пак за самата УЈП за нејзина интерна употреба. По наше сознание, ретко кој од даночните обврзници слушнал за таква можност и/или процедура.

Предлагаме да УЈП ја зголеми својата ефикасност и флексибилност како институција, кога се работи за овозможување на даночните обврзници да добијат вакви поволности преку користење и на овие алтернативни инструменти (пребивање на едни со други даночни обврски) покрај примената на присилната наплата.

Понатаму, јасно е дека УЈП е институција на која и се потребни реформи, но тоа не ја спречува да размислува и за организирање на одредени компензациони шеми коишто се и од нејзин интерес, но секако и од интерес за самите даночни обврзници (се работи за win-win ситуација). Ова особено ако даночните обврзници тоа го бараат и сметаат дека ќе им биде од полза во нивното работење и подмирување на финансиските и други даночни обврски.

На овој начин УЈП ќе покаже дека е вистински сервис за исцрпеното стопанство. Впрочем, ако имаме стопанските субјекти во стечај и кои се затвораат, тогаш ќе нема и од кого УЈП да наплатува даноци. Оттука, компензациите може да придонесат за релаксирање на ситуацијата кај голем број даночни обврзници.

Земајќи го во предвид сето ова, односно корисноста од можноста за компензации при плаќањето на даноците, како за бизнисите така и за управата за јавни приходи, ЦЕА предлага компензациите и пребивањата со даноците да биде преку outsorcing доверено на приватни фирми (имајќи го во предвид административниот товар на вработените во УЈП) кои ќе го вршат тоа за одреден надомест.

Инаку, во Република Македонија веќе постојат фирми (Еуро-бизнис центар на пример) кои затвораат компензациони кругови на обврските кои фирмите ги пријавуваат, меѓутоа, компензациите сеуште не се вршат со обврските по основ на даноци. Ваквата мерка позитивно би делувала врз ликвидноста на стопанството, а истовремено не би ја оптеретила УЈП со дополнителни обврски.

| Предлог мерка | Организирање на компензации при плаќањето на даноците | | |
|---|---|---|---|
| Одговорна институција | Министерство за финансии, УЈП | Рок: | Март 2006 |

### *2. Формирање на комисија за антидампинг*

Конкурентноста на некои македонски производи е на пониско ниво како резултат на високите субвенции кои земјите во регионот и пошироко ги даваат за некои производи. Притоа, согласно Светската трговска организација во услови на постоење на дампинг цени, владата има право да ја заштити домашната економија воведувајќи заштитни антидампинг мерки.

ЦЕА предлага формирање на комисија за антидампинг составена од членови на Стопанската комора и Министерството за економија, каде стопанствениците ќе можат да пријавуваат дампинг цени. На ваквите пријави, комисијата би ги разгледала и во најкус можен рок, доколку се потврди дампинг цена, би реагирала согласно со можностите кои ги нуди СТО.

| Предлог мерка | Формирање на комисија за антидампинг | | |
|---|---|---|---|
| Одговорна институција | Министерство за економија и Стопанска комора | Рок: | Март 2006 |

### *3. Подготвување на листа на производи со нивни минимално прифатливи цени за царинење*

Според укажувањата на стопанствениците, во Република Македонија континуирано се увезуваат производи со фиктивни фактури кои гласат на многу ниски цени, со што значително се избегнуваат царинските и даночните давачки кон државата и се креира нелојална конкуренција со домашните производители.

Пример: се увезуваат кондури на кило, папучи се претставуваат како кондури и слично.

ЦЕА предлага царинската управа да изготви детален список на производи и нивни минимално прифатливи цени врз основа на кои би се пресметувале царинските и даночните давачки за увезените производи. На тој начин ќе се избегне можноста да се увезуваат производи со низок квалитет и со екстремно ниски цени.

| Предлог мерка | Подготвување на листа на производи со нивни минимално прифатливи цени за царинење | | |
|---|---|---|---|
| Одговорна институција | Министерство за финансии, Царинска управа | Рок: | Континуирано |

CEA
Center for Economic Analisys

### 4. *Повисока контрола на квалитетот на производите кои се увезуваат.*

Во Република Македонија, според укажувањата на стопанствениците континуирано се увезуваат производи со непроверен квалитет, кои се значително поевтини од домашните производи. Ваквите увезени производи со низок квалитет се најприсутни кај земјоделските и прехрамбените производи.

ЦЕА предлага засилување на контролата на квалитетот на производите кои се увезуваат во Република Македонија, особено во доменот на земјоделски и прехрамбени производи.

| Предлог мерка | Повисока контрола на квалитетот на производите кои се увезуваат | | |
|---|---|---|---|
| Одговорна институција | Ветеринарна управа | Рок: | Континуирано |

Ажурирана и корегирана табела и текст

### а) *Враќање на повластена стапка по основ на ДДВ од 5 % за увоз на инпути за земјоделско производство.*

*Табела број 8*

| Остварени приходи | | 2004 |
|---|---|---|
| | во илјади евра | |
| царини | | 94,512 |
| ДДВ | | 419,200 |
| Вкупни даночни приходи во централен буџет | | 854,081 |
| | | |
| Загуба на приходи од намалувањето на ДДВ | | |
| | во илјади евра | |
| загуба на царини | | 0 |
| загуба на ДДВ | | 4,575 |
| загуба на даночни приходи | | 4,575 |
| | | |
| Загуба на приходи од намалувањето на ДДВ | | |
| | како % од приходите | |
| загуба на царини | | 0 |
| загуба на ДДВ | | 1.1 |
| загуба на даночни приходи | | 0.5 |